

ТРАЈЧЕ ЈАНЧЕВСКИ

ТРАЈЧЕ ЈАНЧЕВСКИ
TRAJČE JANČEVSKI

30 години творештво

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — СКОПЈЕ
ART GALLERY — SKOPJE 1984

Организација: Уметничка галерија — Скопје

Одговорен уредник: Боро Митриќески

Предговор: д-р Борис Петковски

Рецензенти: д-р Антоние Николовски
Владимир Величковски

Каталог, изложба и ликовно обликување: Жарко Н. Тозиѝ

Превод на англиски: Јасмина Чокрева-Филип

Фотографии: Мирослав Јовановиќ

Печати: Графичко издавачки завод „Гоце Делчев“ —
Скопје

Тираж: 400 примероци



СЛИКАРСКОТО ТВОРЕШТВО НА ТРАЈЧЕ ЈАНЧЕВСКИ

Дејствувањето на сликарот и сценограф Трајче Јанчевски со низа свои белези им припаѓа на дел од развојните процеси што се одвиваат во нашето ликовно творештво од почетокот на шестата деценија наваму.
Многувидно присутен уште од училишните денови во ликовниот живот на својот роден град Куманово, а потоа во Скопје, Јанчевски е и пример на професионален напор за пробивот на современото македонско ликовно творештво и надвор од нашата средина.
Оваа сегашна јубилејна изложба е обид, преку еден антологиски избор, да се претстави само сликарската дејност на Јанчевски. И на таков начин да овозможи поцелосно и посигурно согледување на карактерот на достигањата на свој дел од неговите ликовни ангажмани. Тие, впрочем, беа и досега следени и вреднувани: така што и тие претходни определби на нашата и другата критика исто така се претпоставка за споменатата цел на јубилејната изложба на Јанчевски.

1.

Трајче Јанчевски е роден на 12. I 1928 година во Куманово во работничко семејство. Познато е дека уметникот уште од раното детство покажувал наклоност кон цртањето, што било забележано уште во основното училиште. Потоа интересот за работа во неколку ликовни дисциплини, Јанчевски го развил во Кумановската гимназија. Тоа е и време кога тој се вклучил во изработка на плакати, портрети на истакнати револуционери и сл. при организирање на првите повоени митинзи, прослави, паради итн. Меѓутоа, особен придонес за натамошниот развој на овој уметник имаше неговиот професор во Гимназијата, академскиот сликар Кирил Караџа. Овој го препорачал својот ученик на тогашниот директор на Уметничкото училиште во Скопје, Никола Марти-

TRAJCHE JANCHEVSKI'S CREATIVE WORK — PAINTING

The actions of the painter and the scenographer Trajche Janchevski with a number of his features belongs to the developing processes that took place in our creative artistic activity from the begining of the sixth decade onword.
More noticably present since the school days in the art life of his native town of Kumanovo, afterward in Skopje, Janchevski is an example of professional effort in the breakthrough in the contamporary Macedonian art, even beyond our circles.
This jubilee exhibition is an attempt through an anthologic selection to represent only Janchevski's painting activity. And in that sense to allow a greater totality and a more secure percievation of the character and the accomplishments of this part of his artistic engagement. Hence, so far they were followed and valeud: so our previous determinations and those of the other critics are also assumptions of the mentioned aim, Janchevski's jubilee exhibition.

1.

Trajche Janchevski is bor on December 12th, 1928 in Kumanovo in a working class family. It is known that the artist in the early childhood showed affinity toward drawing, which was noted in the Primary School. Afterward he showed interest for several art disciplines in the Kumanovo High School. It is a period when he takes part in the creation of posters, portraits of eminent revolutioneries, during the organisation of the first post war meetings, celebrations, parades and etc.

However, his high school professor the academic painter Kiril Karadja had an inmpotant contribution to the further development of this artist. He recommended his pupil then to the director of the Art School in Skopje, Nikola Martinoski. So during the five years of

носки. Така Јанчевски во петте години на своето школување (до 1949) во ова Училиште работеше во класите на Мартиноски (цртеж) и Лазар Личеноски (сликарство). Во 1949 година Јанчевски се запиша на Академијата за применета уметност во Белград. Тука професори му биле Миленко Шербан (сликање, цртање, сценографија), Иван Табаковиќ (конструкција, цртеж, акварел), Винко Грдан (сликање, цртање на мртва природа), Антон Хутер (вечерен акт): кај последниот Јончевски бил и демонстратор, а за својата активност на Акаедмијата бил наградуван со високи признанија и оценки.

По дипломирањето на Академијата во 1954 година Јанчевски се вратил во Куманово. Тука во наредната 1955 година бил назначен за професор по ликовно воспитување. Во тоа време Јанчевски е и еден од најактивните ликовни дејци во Куманово. Пред сè бил иницијатор за организирање на првата ликовна група во градот, основана во 1956 година под името „Кумановци"[1]: Таа се јави како резултат на дотогашната ликовна (изложбена и друга) активност во Куманово, што според учесниците во неа и повремените одгласи на печатот[2], се одвивала во Куманово непрекинато од 1949 година натаму. Групата организирала свои изложби во градот и во околината: така на пример првата била приредена во рудникот Лојане (кумановско), а потоа следувале изложби во Кратово и други места. Во овие активности покрај Јанчевски учествувале и сликарите Караџа, како претседател, Д. Аврамовски-Гуте, Бранко Перчинков, М. Петровски-Моцо и Ј. Трајковски. Од оваа група подоцна било формирано Друштвото на кумановските ликовни уметници (ДЛУК), чиј што прв претседател бил Трајче Јанчевски. Во Куманово Јанчевски ја приредил во 1957 година својата прва (ако не се смета една поранешна во 1952) самостојна изложба.

his schooling (up to 1949) Janchevski in this school worked in the classes of Martinoski (drawing) and Lazar Lichenoski (painting). In 1949 Janchevski enrolls into the Academy of Applied Arts in Belgrade. There his professors were Milenko Sherban (painting, drawing, scenography), Ivan Tabakovich (construction, drawing, watercolour), Vinko Grdan (painting, drawing of still life), Anton Huter (evening nude): Janchevski was a demonstrator to the latter, and for his activity on the Academy he was awarded with high recognitions and marks

After the graduation on the Academy 1954, Janchevski returned to Kumanovo. Here, in the following year 1955, he was posted for a professor of art education. During this period Janchevski is among the most active artistic workers in Kumanovo. First of all he was the iniciator for the organisation of the first artistic group in the town, formed in 1956 under the name "Kumanovci"[1]: It appeared as a result of the artistic activity (exhibitions) and other activities in Kumanovo ,that according to the participants in them, and the notices from time to time in the press[2], continously took place in Kumanovo from 1949 onwards. The group organized her exhibitions in the town and its surroundings, for example the first one took place in the mine Lojane (in the vicinity of Kumanovo), and afterward followed in Kratovo and other places. In these activities besides Janchevski, the painters Karadja as a president, D. A. Avramovski-Gute, Branko Perchinkov, M. Petrovski-Moco and J. Trajkovski took part. From this group the Society of the artists of Kumanovo (DLUK) later on was formed, whos first president was Trajche Janchevski

In Kumanovo Janchevski organized his first one-man exhibition in 1957 (if the one from 1952 is not taken in account).

Истата 1957 година Јанчевски се преселил во Скопје и бил назначен за сценограф во тогашниот Куклен театар (денес Драдмски театар), каде што е вработен и денес. Во овој период има создадено и реализирано над педесет сценографски и над триесет идејни решенија на карактерни типови на кукли и куклени претстави, како и некои решенија за младинската сцена на овој Театар. Уметникот извесно време се бавел и со реставрација на икони и фрески.

Потоа следуваа разновидни ангажмани на Јанчевски, преку организирање на неколку самостојни изложби во Скопје, Куманово и на други места, преку студиски патувања и учество на изложби во странство и во земјата, со учество на ликовни колонии итн. А негови творби се наоѓаат во многубројни приватни колекции во Југославија и во повеќе странски земји.

2.

Согледувањето на ликовното творештво на Јанчевски што настанало во овој период, веднаш ни открива една негова суштествена одлика: постапен, промислен развој и задржување на некои суштествени белези што произлегуваат од особините и карактерот на личноста на уметникот.

Неговите први творби создадени при крајот на студиите во Белград и почетниот период на неговото професионално дејствување во Куманово, се поврзани со еден академски пристап: во нив, преку мртви природи („Мртва природа“, масло 1933), пејзажи („Пејзаж од Мистра“, масло 1954, „Мотив од Нерези“ масло, 1955) итн., веќе се забележува настојавување кон извесна прегледна организација на композицијата и редукција на одвишни моменти во мотивот.

Од средината на шестата деценија светот што Јаневски го обликува во своето сликарство, е обземен со едно неопределено чувство на носталгија, потиснат и здржан немир; едно чувствување на нештата и луѓето како пре-

In the same year 1957, Janchevski moved to Skopje and was posted as scenographer in the Puppet Theater (today the Drama Theater), where he is employed presently. During this period he created and accomplished over fifty scenographies and over thirty idea solutions for character types of puppets and puppet shows, as well as some solutions for the youth scene of this theatar. For a certain period the artist worked on the restoration of icons and frsecos.

Afterward followed different engagments undertaken by Janchevski, an organization of a few one-man exhibitions in Skopje, Kumanovo and other places, participation in art colonies, study trips and the participation in exihibitions in foreign countries and in our own country. His works are found in many private collections in Yugoslavia and in many foreign countries.

2.

The perceiving of Janchevski's artistic work created during this period immediatly uncovers of his essential features: a gradual thoughout development, retaining onto the essential features that come from the characteristics and the character of the artists personality.

His first works created at the end of his studies in Belgrade and the starting period of his professional action in Kumanovo are connected to an academic approach: in them through still lifes ("Still life with a Guitar", oil 1953), landscapes ("A Landscape from Mistra", oil 1954), ("Motiv from Nerezi", oil 1955) etc. already certain aims can be noted and a reduction of excessive moment sin the motive.

From the middle of the sixth decade, the world that Janchevski will form in his painting is overcomed by a undefined feeling of nostalgia, sorrow, suppressed and withheld unrest; a feeling for the things and the people as

несувачи — симболи на некоја недоречена мисла за темната страна на постоењето.
Ваквите дела веројатно зборуват за жалбата на авторот да го осмисли својот творечки потфат со создавање на таква визија на стварноста што е интимно поврзана со неговата психологија. Тоа значи дека изборот и третманот на предметите на своето сликарство Јанчевски го врши уште тогаш во функција на својата основна мисловна и емоционална определба спрема нив. Човечки фигури, без нагласени белези на одредена личност, застојани како елементи на еден настан без почеток и крај, со втренчени длапки, на очите некаде во просторот; наметнување на статичност во која е збришан каков и да е порив; потоа внесување на предмети што се поставени во сликата само како акцент на овие неизвесни ситуации, тоа е тематската ориентација на Јанчевски (маслата „Игра“, 1956, „Селанец“ 1957, „Фигури со куче“). Карактеристично е дека од неа е речиси исклучен пејзажот. Хоризонталите, дијагоналите на кои се поставени фигурите и предметите, сликарот ги омеѓува, ги опфаќа со една заднина која само привидно дејствува како можен амбиент на предметот обработен во сликата, а повеќе е апстрактна опстановка без просторни и временски димензии.

Ликовната форма во која се предадени овие тогашни искажувања на Јанчевски е соодветна на содржинската материја на делата: тој фигурите и предметите најчесто ги предава со една шематска стилизација и линеарна обработка на деталите. Овој цртачки геометризам на формите, Јанчевски го спроведува понекогаш без достатна мера, доведувајќи го до декоративен третман на масите и површините. Другпат тој умееше оваа синтетична обработка да ја дополни со разработка на поедини детали, а целата композиција да ја доведе до едноставни и упростени состави. Односите меѓу ликовните елементи така стануваат чисти и ненаметливи. Ретки се пробивите на посмел зафат, како што се ре-

transfers-symbols of an unsaid though for the dark side of the existance.
These kind of works probably speek of the authors wish to justify his creative project, with the creation of such a vision of the reality, that intimatly is connected to his psychology. That means that the selection and the treatment of the subject in Janchevski's painting is performed even then as a function of his basic meditative and emotional determination towards them. Human figures without stressed features of a certain person, held up as elements of an event without a begining and an end, stiff and staring hollow eye sockets in space; imposing a stationary in which any kind of a drive is erased, afterward introducing the objects that are placed in the painting only as an accent of these uncertain situations, that is Janchevski's theme orientation (the oils "Game", 1956; "Peasant", 1957; "Figures with a Dog"). It is characteristic that from it the landscape is eliminated. The horizontals and the diagonals in which the figures and the objects are placed are confined by the painter, he embraces them with a background that acts only illusory, as a possible surrounding of the objects that are treated in the painting, yet being in a more abstract position without space and time dimensions.

The artistic from in which these statements of Janchevski are carried out, is adequate to the content materia of the works: he usually renders the figures and the objects with a shematic stylization and a linear treatment of the details. This drawing geometricism of the forms is carried out by Janchevski at times without sufficiant measure, driving it into a decorative treatment of the masses and the surfaces. At another time he succeded in enriching the syntheticness of the forms by a workout of certain details, and to bring about the entire composition to simple and simplified makeup. The relations between the artistic elements become pure and intrusive.

ки и отстапките во поставувањето на композициските проекти во таквите негови творби. Уште тогаш елемент на обединување и еден од најбитните носители на емоционалната материја во делата на Јанчевски, се јавува и колоритот. Сиот е вклучен во темносиви, темнозелени, темносмеѓи и земјани варијации. Фактурата на овие слики Јанчевски ја третира грижливо, изедначена е во сите делови на сликата, со здржани тонски градации. Со овие настојувања на авторот се постагнуваат одредени ефекти во фактурата на сликите што се доближува до некои наши средновековни икони: со кои неговото разбирање на просторот во сликата уште тогаш е на некој начин внатрешно поврзано.

Многу од овие дела на Јанчевски од крајот на шестата и почетокот на седмата деценија, според својот ликовен менталитет се вклопуваат во извесни појави на европското и на нашето сликарство. Така поедини слики во кои постои ненаметливо укажување на некои социјални ситуации (особено во „Предградие"; 1958) или песимизам и емоционална пасивност, („Фигури со куче", „Дружба", 1960 итн.) се доближуваат до извесни карактеристики на таканаречениот „мизерабилизам" што во шестата деценија се развиваше во Франција, а пред сè во творештвото на сликарот и графичарот Бернар Бифе. Поголем број од делата на Јанчевски со карактеристики на умерен експресионизам настанати до неговата втора изложба во 1963, уште повеќе се доближуваат (на различен начин и во различен степен) до едновремените истражувања на Т. Шијак, П. Мазев, Д. Кондовски, а и со раното творештво на Б. Ивковиќ. Тогаш и нивните творби се стремеа кон поедноставни ликовни состави, кон јадровито ликовно искажување преку аглест, линеарен геометризам на формите и прегледни композиции, втопени во површини на тонски или синтетички поставени бои.[3]

Порано забележаните одлики на неговото творештво, се следат и во други дела на Јанчевски настанати во седмата деценија. Тоа беше видливо и на неговата самостојна из-

The penetrations of more daring attempts are rare, also are the deviations and the placing of the composition projects, in such works of his. The colour appears as a uniting element and one of the essential barers of the emotional materia in Janchevski's works. The entire one is a part of the dark grey, the dark green, the dark brown and soil variations. The structure of these paintings is treated by Janchevski with care, and it is equalized in all of the parts of the painting with restrained tone gradations. With these aims of the author, certain effects are achieved in he structure of the paintings that come close to some of our medieval icons: with which his understanding of space in the painting in a certain way is already internally connected.

Many of these works of Janchevski's from the end of the sixth and the begining of the seventh decade, according to his artistic mentality fit into certain occurrences of the European and our painting. So, in single paintings in which a not intrusive painting to certain social situations exist (especially in the „Suburb", 1958) or pessimism and emotional passivity ("Figures with a Dog", "Companionship", 1960) come near to some characteristics of the so called miserabilisme", that in the sixth decade developed in France, firstly in the creative work of the graphic artist Bernard Buffet. A larger number of the works created by Janchevski up to his second exhibition in 1963 come even closer (in a different way and to a different degree) to the simultaneous research of T. Shijak, P. Mazev, D. Kondovski, S. Kunovski and to the early works of B. Ivkovich. Even then their works aimed toward simplified artistic solutions, toward concise artistic statements and through, an angle, linear geometricism of the forms, clear compositions sunk into the surfaces of the tone or the syntheticly set colours.[3]

The before noted features of his creative work are ofllowed in other works created in the seventh decade. That was apparent in his one-man exhibition in 1968 in Skopje. It has been

ложба во 1968 година во Скопје. Се потврди дека сликите на Јанчевски припаѓаат на широка скала варијанти на сликарство што само до извесен степен во „коригира" објективистичкиот описен метод: му приопштува згорничен, здржан стремеж кон помодерно чувствување и обликување на ликовното дело.

Но во некои дела видени на споменатата изложба и до крајот на седмата деценија воопшто, Јанчевски настојуваше да измени некои од овие белези на своите поранешни творби: да ја намали студената, премногу „сценографска" конструкција, со помош на посензуална цртачка и колористичка обработка.

Притоа некои површини на таквите свои дела Јанчевски грижливо ги градеше со „потхранување" на фактурата, со одбегнување на грубости и случајни ефекти: но со тоа понекогаш пак се згаснува колористичкиот интензитет, а стремежот кон пиктурален рафинман се чини повеќе зависен од рационалниот отколку од емоционалниот момент на уметниковата творечка постапка. Во овој период (седма деценија) светот на сликите на Јанчевски: марионетски, куклести замени на човечки личности; шематизирано-дизајнерски поедноставени форми на женски акт; птици, предмети, искажува и натаму некаква вкоченетост, носталгија, здржана тенденција кон бизарни, морбидни или ласцивни детали; а психолошката структура и целиот амбиент на овие дела, веќе се наоѓаше во предверието на она сликарство што се определува како симболизам, „магичен реализам" или „метафизичко сликарство". Некои од овие творби на Јанчевски од седмата деценија се доближуваат и до повеќе дела на Спасе Куновски (кон неговите претстави на женски актови итн.) Меѓутоа, тоа не значи дека може да се сугерира јасна, целосна вклопеност на творбите на Јанчевски во некои аспекти на „македонскиот" надреализам.[4]

confirmed that Janchevski's painting belongs to a large scale of variants of painting, that to a certain degree "corrects" the objective descriptive method: tending to an upward restrained aim, for a more modern feeling and shaping of the artistic work.

Yet, on some of the seen works on the mentioned exhibition and to the end of the seventh decade Janchevski generally made an effort to change some of these features of the previous works: to reduce the cold and excessive "scenographic" construction, with aid of more sensual drawing and a colouring finish.

The surfaces o fthe works were carefully erected by Janchevski with "underfeeding" of the structure and by avoiding the unintentional effects: but at times the colouristic intensity is sobdued and the strive for a pictural refinement seems more dependant to the rational, then to the emotional moment of the artists creative act. In this period (the seventh decade) the world of Janchevski's painting: puppets, doll like substitutes for human personalities, shematicly and in design simplified forms of female nudes, birds, objects, furtler on states the stiffness, the nostalgia, and the retained tendency for bizzar, morbid or lascivious details: the psyhologic structure of the whole setting of these works already was found in the hall way of the painting that decides for a symbolism, "magic realism" or "metaphysical painting". Some of these works by Janchevski from the seventh decade come close to many of the works created by Spase Kunovski (to his depiction of "clowns", "scarecrows" and the many femail nudes oftenly erotisized. However, that dose not mean that clear fitting can be suggested of Janchevski's works in some aspects of the "macedonian" surrealism:[4]

Поетиката на поедини подоцнешни дела на Јанчевски од првата половина на осмата деценија, веќе укажува на други стилистички настојувања: всушност, преку нивната обработка се обединети типови на ликовно мислење што припаѓаат, едни, на видово на фигуративното сликање (со речиси „класицистичка“ изведба), други, на претпазливи „доближувања“ до извесни белези на геометриската апстракција. И натаму предмет на сликите се елементи од материјалнат стварност, а пред сè: мртви природи, комбинирани од разновидни предмети со стегната, геометризирана граѓа; животински претстави или ретки женски фигури; јадри, заоблени органски форми; но и асоцијативни или симболични состави („Ирак II“ 1971). Јанчевски ги предава, како што е одбележано и од критиката при неговите самостојни изложби:[5] Со внимателно сосредоточување на одделни детали, за да се извлече нивната згусната пластична противредност; преку декомпонирана, но уште почесто преку аранжирана или конструктивистички насочена композиција; со нагласена склоност за прегледност и ред, при што изведбениот резултат може да потсети на некои „старински“ постапки. Се подвлекува и „металниот сјај“ (техницистичкиот изглед), но и органските карактеристики на делата на Јанчевски; потоа нијансираното степенување на една (обично во „кадифесто“ мека фактура) боја (најчесто темнокафеава, поретко сина, црвена, зелена). Во овие седумдесети години ваквите изведбени белези во творештвото на Јанчевски беа оценувани и во други средини. Така во еден текст е укажано дека: „Творештвото на Македонецот Трајче Јанчевски е модерно, концентрирано и подложно на строг творечки критериум. Авторот е свртен кон докрај интимните и мечтателни композиции меѓу кои ја истакнуваме впечатливо убавата творба под наслов „Приказна за рибата“.[6]

Меѓу делата на Јанчевски од осмата деценија што се изделуваат како синтеза на неговите истражувања, спаѓаат: „Мртви риби“, 1970, „Композиција II“, 1971, „Тажна трпе-

The poetry of Janchevski's individual later works from the first half of the eighth decade, already point to a different stylistic tendency: actually through their treatment are united types of artistic thoughts that belong to the figurative painting (with almost a "classic" treatment) and others to the carefull "nearness" of some features of a geometric abstraction. Elements from the material reality furtheron are a subject in the painting, firstly-still lives, combined by different objects with tighten geometric materia; animal representations or rare femail figures; strong and rounded organic forms; as well as associative or symbolic compositions ("Icarus II" 1971). Janchevski renders them as it was noted by the critics during his one-man exhibitions:[5] with carefull concentration on separate details, to bringing out their thicken plastic equivalent value, by a decomposed, but even more through a engaged or constructivly directed composition; with a stressed affinity for lucidness and order, with what the treatment result may remind of some "old fashion" ways. The "metal shine" is udnrlined (th technic appearance) and the organic characteristics of Janchevskis works; then the nuancing gradation of one (usually in a "velvety" soft structure) colour (most oftenly dark brown, more rarely blue, red, green). In the seventies these treatment features in Janchevski's creative work were valued in other centers. In that sense in one text it was noted that: "The creative work of the Macedonian Trajche Janchevski is concepted in a modern way and subjected to a strict creative crieria. The author is oriented toward the endlessly intimate and mediative compositions among which we note the remarkably beautiful work titled "Story for the Fish".[6]

Among Janchevski's works from the eight decade separated as a synthesis of his research are the: "Dead Fish" 1970, "Composition II" 1971, "A Lament Dinning Table" 1971, "Story

за“, 1971, „Приказна за рибата“, 1972, „Триптих“, 1973, „Визија I“, 1973, „Магична трпеза“, 1973, „Композиција во сино“, 1974 и др. Култивираност на ликовните елементи, одбегнување на допадливи ефекти, помодерно чувство за дводимензионална организација и пластична разработка на мотивот, се некои од нивните одлики: тоа се и слики во кои е вградена укажаната симбиоза на различни стилистички пристапи.

Преку овие и некои други едновремени и подоцнешни творби, поопипливо се согледува и поврзаноста на ова творештво на Јанчевски со метафизичкото сликарство. Сродноста на ликовната физиономија на неговите слики, како што се: „Воловски череп“, 1971, „Магична трпеза“, 1973, Композиција во сино“, 1975, „Воловски череп“, 1975 „Имагинарна трпеза“, 1981 година, со делата на Џорџо Моранди од неговиот „метафизички период“ (1918—1920), е визибилистички прифатлива. Согледлива е во карактерот на композициите на наведените дела на Јанчевски: рационално аранжирање на ликовно рамноправно обработени детали во прегледни, студени соодноси од кои произлегува извесна „напнатост“; потоа во геометриски прегледната обработка на формите и сл. Извесна блискост на други слики на Јанчевски („Трипоих II“ 1974, „Пеперуги и куќи“, 1975 и др.) постои можеби и со некои „метафизички“ просторно — архитектонски и предметно-марионетски состави на Карло Кара и Џорџо де Кирико.[7]

Од друга страна, во двете групи понови слики на Јанчевски се забележливи и некои поинакви моменти. Пред сè, поранешните навестувања за желбата на сликарот понастојчиво да се искажува (макар и „заобиколно“ алегорично, симболично) за некои морални, психолошки или егзистенцијални („потревожни“) прашања, во овие дела се понагласени. Но и тие се опираат на предходните интелектуални и емоционални определби на Јанчевски; а задржуваат и некои порано користени мотивски интереси: риби,

for the Fish” 1972, “Triptych” 1973, “Vision” 1973, “Magic Dinning Table” 1973, “Composition in Blue” 1974. The cultivation of the artistic elements and the resentment of likable effects and the more modern feeling for the two dimensional organisation and the plastic workout of the motive, are some of their features: they are paintings in which there is a built in symbiosis of different stylistic approaches.

Through these and some other simultenous and later works the relation of Janchevski's creative work to the metaphysic painting can be percelieved in a more tangible way. The similarity of the artistic physiognomy of his paintings as the: “An Ox Skull” 1975, “Magic Dinning Table” 1973, “Composition in Blue” 1975, “Imaginary Dinning Table” 1981, with the works of Giorgio Morandi from his “metaphysical period” (1918—1920) is visibly acceptable. That is recognizable in the character of the listed compositions: rational arangment of the artisticly equaly treated details in visible cold relations, of which results a certain “tenseness”; later in a geometricly visible treatment of the forms. A certain closeness to the other paintings of Janchevski (“Tritych II”, 1974, “Butterflies and Houses”, 1975) exists possibly with some “metaphysical” specious-architectural and puppet subject groups of Carla Carra and Giorgio de Chirico.[7]

On the other hand, in two groups of Janchevski's newer paintings some different moments can be noted. Firstly, the artists earlier annunciations with the wish to express himself in a more persistant (at least in a indirect, allegoric, symbolic) way on some psychologic or existential (“more alarmiig”) questions, are stressed more in singular works. Even they oppose Janchevskis previous intellectual and emotional determinations; but remain some of

птици, инсекти симболично-алегориски престави.

Така во сликата „Големите риби ги јадат малите“ (1983) е предадена хоризонтална низа од различно големи и различно насочени „риби“ со сплескани, дводимензионални, вкоченети тела; додека сета површина е втопена во благо „рапав“ земјано темен колорит. Сликата соопштува здржана напнатост и морничавост на одвај насетлива агресивност. Во маслото „Црвена птица“, (1983) исто така се запазени порано разработени елементи (структура на птицевидно тело, со диплести или обли геометриски оформени партии): но изведбата сега не се стреми кон визуелна привлечност и молизлив впечаток, туку повеќе го нагласува јадровитиот ликовен исказ, а и некаква притулена вознемиреност. Во сликата „Инсекти“ (1984) Јанчевски предава фантастично склопен инсектоиден организам: целиот состав, а особено одделни елементи (потсетуваат на скорпионски или сродни „клешти“), соопштува непријатно чувство за некаква одбивна и агресивна претстава. Карактеристична е и сликата „Метален Икар“ (1983). Фигурата што (како и неколку пати порано) треба да ја сугерира легендата на Икаровиот пад, сега и предадена како крут, метален робот (сличен и на „космонаутска“ визија), кој паѓа со главата надолу „од небото“ (одвај насетлив светол синозеленикав појас во горниот дел) во некој простор, што е логично-визуелно тешко одредлив. Некои детали (белите контури на „вратило“; крваво црвениот долен појас; сиво-сино „умртвените“ колористички површани на заднината и фигурата итн.), ја подвлекуваат (несекојдневната“, „изместена“ опстановка на „настанот“ — со едно поактуелно пластично толкување.

Во друга низа дела од последните години вака појавеното настојување мотивот да не биде само фокус на забележителна изведбена дотераност, туку во неговото предавање да се вклучи некоја поамбициозна пластич-

the earlier used motive interests: firsh, birds, symbolic-allegoric representations.

In such a way in the painting “Large Fish Eat ing Small One’s”, 1983, a horizontal line is rendered in different sizes and the flat “fish”, the two dimensional stiff bodies are arranged in different directions; while the whol surface is sunk into a medium “rough” earth dark colouring. The painting reports a restrained tension and eerieness of barely sensed agressivness. In the oil “Red Bird”, 1983 elements developed earlier, also can be seen (a structure of bird like a body with fan like parts or geometric ones), but now the treatment does not strive for a visual attractivness and a pleasant impression, yet in a more stronger way emphasizes the artistic statement, with a suppressed anxiouty. In the painting “Insects” 1984, Janchevski depicts insect organisms put together in a fantastic way: the entire composition and especially separate elements (remind of “pincers” of a scorpio or to similar ones), he states an unpleasant feeling for a resentful and aggressive representation. A characteristic painting is the “Metal Icarus” 1983. The figure (as a few times earlier) has to suggest the legend of Icaruses fall, now renderd as a stiff metal robot (similar to the “cosmonauts” vision) that falls with the head down “from the sky” (a light bluish green strip at the top part is bearly noticable) in a space that is hard to determine in a logical and visual way. Some details (the white outline of the “beam”; the bloody red strip below; the grey-blue “deaden” colouristic surfaces of the background and the figures) underline the “unusual”, “moved” state of the “event” — vith a more current and plastic interpetation.

In a nother series of works from the last two or three years, a tendency already appeared, the motive not only to be a focus of the noticable and polished treatment, but in its rendering a more ambitious plastic thought to be

на мисла, е појасно развиено. Воедно, во овие дела и натаму се присутни некои органски, механички и други видови предметност што е распределена во хоризонтални или вертикални низи, „исфрлени врз различно обоени заднини. А ликовната разработка сè повеќе ја „згаснува“ сугестијата за поводот на нивниот ликовен состав. Овие јадри биолошки („Школки“, 1984) или цветовидно-кристалоидни облици („Еволутивен тотем“, 1984, „Магична трпеза“, 1977) навестуваат дека во ликовниот концепт на Јанчевски ограничувањето на алузиите, на „читливоста“ на поттиците од стварноста, постепено се зголемува. Тоа е засега најизразено во маслото „Асоцијативен плод“ (1984). Ова дело стилски исходува од сите процеси во поновото творештво на Јанчевски, но во исто време се „извлекува“ од нив. Втопена во здржано варирани нијанси на стемнети бои, сликата е градена (со благи „изместувања“) од концентрично распределени, нееднакво големи сегменти од кружни или елипсовидни форми. Низ нив пробиваат линии — површини со радијална дијагонална насоченост. Ваков ликовен состав како да допира до некои стилски белези на извесни футуристички слики, а и до рејонизмот и геометриска апстракција.

3.

Оттука и како заклучок на сето негово дејствување, може да се претпостави дека во овие последни дела Јанчевски настојува да ги надминува воспоставените меѓи во своето поранешно творештво. Новините, видовме, се јавуваат како пластично продлабочување на постигнатите ликовни решенија. Но во нив се вградуваат и некои димензии што се чинат како поинаков стремеж на цетата уметничка амбиција на Јанчевски: нејзиното ослободување од творечки органичувања на уметникот во сликарското изразување.

included. Also, in these works still exist some organic, mechanic and other sorts of objects, arranged in horizontal and vertical lines “trown” over differently coloured backgrounds. The artistic workout even more “extinguishes” a suggestion for the reason of their artistic composition. These stroig biologic (“Shells, 1984) or the flower like or crysal like forms (“An Evolutionery Totem” 1984, “Magic Diniing Table” 1977) announce that in Janchevski’s artistic concept, the limitation of the allusion of the “unclearness” of the inspirations from the reality, gradually is enlarged. Now it is most vident in the oil “Associative Fruit” 1984. It results stylisticly from the processes of his newer works, yet at the same time it “escapes” from thm. Sunken in restrained and varied shades of darken colours, the painting is erected (by small “movings”) from the concentrically placed segments uneven in size, circular or elipse in form. Through them penetrate lines-surfaces with a radial diagonal direction. This kind of an artistic composition seems to have touching points, stylistic ones, with some futuristic paintings, the rayonism and the geometric abstraction.

3.

Out of this as a conclusion of all of his actions, it can be assumed that Janchevski in these last works aimes to overcome the determined borders of his earlier works. The innovattions as we sow, appeared as a plastic profundity of the achieved artistic solutions. But in them are built some dimensions, that seems as a different longing of Janchevski’s entire artistic ambition: its liberation from the crative limits of the artists painterly expres-

А со тоа, веројатно, се најавува и поинаквата свест на Јанчевски за карактерот на својата квлученост во денешните текови на современото македонско сликарство.

Бори Петковски

sioi. Probably and with it, a different consciousness of Janchevski's character of his participation in todays trends of the contemporary Macedonian painting is announced.

Boris Petkovski

ЗАБЕЛЕШКИ

